Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 18/0306
22.01 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јануари 2020 година, врз основа на примена жалба од Миша Поповиќ, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**Телевизија „Сител“, со прилогот насловен „Пендаровски: Во 21 век беспредметно е да разговараме дали постои македонски јазик“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 16 декември 2019 година, Миша Поповиќ поднесе жалба за прилогот со наслов „Пендаровски: Во 21. век беспредметно е да разговараме дали постои македонски јазик“, објавен на 13 декември 2019 година, на Телевизија „Сител“ (www.sitel.com.mk).

Во жалбата се наведува дека во прилогот на „Сител“, Александар Герганов, аналитичар од сферата на антикорупцијата, бил ставен во понижувачка позиција пред македонската публика. Според подносителот на жалбата, Герганов учествувал на настан за антикорупција во Скопје, каде што од новинарите бил прашан да одговори за спорот околу македонскиот јазик со Бугарската академија на науките.

*„Нашиот гостин Александар Герганов не се занимава со тема лингвистика, ниту историја, туку со антикорупција. Тоа што работи на Институт при БАН не го обврзува, во ниту еден основ да даде изјава, ниту пак му дава право на новинарот да очекува изјава на тема што не е дел од неговата работа“*, посочува жалителот Миша Поповиќ во поднесената претставка.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „Сител“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 јануари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најпрво, утврди дека се работи за телевизиски прилог кој произлегува од јавниот интерес и обработува актуелна тема, поврзана со бугарските ставови околу постоењето на македонскиот јазик. Содржината на прилогот е коректна и етичка, со исклучок на завршниот дел, каде што новинарот, очигледно, направил пропуст и побарал став од лице кое не е ниту надлежно, ниту релевантно да зборува за теми од сферата на лингвистиката и македонскиот јазик.

Ова уште повеќе што авторот на прилогот го доведува во непријатна позиција споменатиот Александар Герганов дека имал обврска, но одбил да даде мислење во однос на ставот на Бугарската академија на науките за македонскиот јазик. Пред воопшто да ја објави ваквата констатација и да нуди готови заклучоци, новинарот морал да провери и да утврди дека, всушност, споменатото лице не е член на Бугарската академија на науките (БАН), туку дека е вработен во оддел што се занимава со антикорупција во Институтот при Бугарската академија на науките, функција која ниту го обврзува, ниту го прави надлежен да зборува за лингвистички или историски прашања.

Оттука, Комисијата најде дека авторот направил погрешно толкување во содржината и го прекршил **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка е нагласена во последната реченица од прилогот:

***„Слично како и амбасадорот, ставот на бугарската Академија не беше расположен да го образложи и нејзиниот член Александар Герганов, кој денеска присуствуваше на регионален форум во Скопје“.***

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата колку што е можно повеќе. Потребата од брзина никогаш не смее да ги загрози точноста, кредибилноста и професионалноста на прилогот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија „Сител“ (www.sitel.com.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595